**ОДЛУКА за вршење на избор на кандидат по Јавен оглас 1/2025 за 1 извршител на неопределено време за работно место Конзерватор, со реден број 21-а и шифра на работно место КУЛ 03 04 Д03 003 во конзерваторско одделение**

1.За работно место Конзерватор, со реден број 21-а и шифра на работно место КУЛ 03 04 Д03 003 во конзерваторско одделение по објавен оглас 1/2025 со арх.бр. 04-291/1 од ден објавен на ден 27.05.2025 година, за еден (1) извршител, се избира кандидатот Валентина Илијевска.

2. Избраниот кандидат се стекнува со статус на давател на услуги во културата, во конзерваторско одделение и ќе извршува работни задачи предвидени во Правилникот за систематизација на работни места во НУ Музеј Куманово за работно место конзерватор.

3. Изборот е извршен врз основ на Предлог за вршење на избор на кандидат по оглас 01/2025 за работно место конзерватор со арх.бр. 04-358 од ден 20.06.2025 год.

3. Донесената одлука ќе биде објавена на веб страната на Н.У. Музеј- Куманово и на огласна табла во Музејот.

4. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 на оваа Одлука по конечноста на оваа одлука по што директорот ќе склучен договор за вработување на неопределено време и ќе донесе решение за статус.

5. Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзино донесување.

***Образложение***

Во врска со Јавен оглас 01/2025 со арх.бр. 04-291/1 објавен на ден 27.05.2025 година за работно место Конзерватор, со реден број 21-а и шифра на работно место КУЛ 03 04 Д03 003 во конзерваторско одделение, еден (1) извршител на неопределено време Министерот за култура со Известување формираше Комисија за спроведување на постапка за избор по јавен оглас, која комисија спроведе постапка за административна селекција на пристигнати пријави со Записник бр.04-353 од ден 18.06.2025 година и на ден 20.06.2025 година постапка за веродостојност на докази и интервју со Записник бр.04-353/1 од ден 20.06.2025 година и утврди дека кандидатот Валентина Илијевска ги исполнува и општите и посебните услови предвидени за работно место Конзерватор, со најмногу освоени поени, а за кое нешто има доставено до в.д. директор Предлог за вршење на избор на кандидат по оглас 01/2025 со арх.бр.04-358 од ден 20.06.2025 година за работно место Конзерватор во конзеерваторко одделение.

Со оглед на горенаведеното в.д. директорот одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се поднесе приговор, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на истата до Управен одбор на Н.У. Музеј – Куманово.